SALAR International

A part of the Swedish Association of Local Authorities and Regions

Повик за поднесување пријави

# ПОДДРШКА НА ПИЛОТ ОПШТИНИТЕ

Проект:
Одржливо управување со отпадот на локално ниво во Северна Македонија

Република Северна Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave

Република Северна Македонија
Министерство за локална самоуправа

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Vetëqeverisjes Lokale

ЗЕЛС

# Цел на брошурата

Намерата на брошурата е да обезбеди информација до општините од Југозападниот од Пелагонискиот плански регион кои што се заинтересирани да аплицираат за пилот општини на проектот Одржливо управување со отпадот на локално ниво. Брошурата вклучува информации за проектот, обемот и содржината на обезбедената поддршка и како и кога да се аплицира.

# Што нуди проектот?

Користејќи ја огромната база на знаење, проектот ќе биде доверлив партнер на општините и ќе ги поддржи со:

- Развивање на Локални акциски планови за управување со отпад (ЛАП) и спроведување на активности од Оперативниот регионален план за управување со отпад (ОРПУМ)
- Развој на различни анализи, студии и други документи наменети за поддршка на практичното спроведување на активностите за управување со отпад
- Подобрена мобилизација на ресурси за иницијативи и проекти поврзани со отпадот
- Подобрени пристапност, меѓуопштинска координација, дијалог за политиките и подигање на свеста
- Национални, регионални или меѓународни студиски посети и размена на идеи за одржливи практики за управување со отпад

# Партнери на проектот

Проектот се имплементира во партнерство помеѓу SALAR International, Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП), Министерството за локална самоуправа (МЛС) и Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС) кои се главните чинители во соодветните области на управувањето со отпад, испораката на локални услуги, како и застапувањето и координацијата помеѓу локалните самоуправи. Проектот има за цел да постигне одржливи промени преку влијание врз знаењето и однесувањето на поединците, влијание врз законите и политиките, институционален развој и спроведување на локално водени процеси на планирање за управување со отпад.

# SALAR International

Шведската асоцијација на локални власти и региони (SALAR) е голема асоцијација на локални самоуправи со долга историја на поддршка на шведските општини во обезбедување подобра и поефикасна испорака на услуги за своите граѓани. SALAR International е меѓународна агенција на SALAR и една од водечките шведски организации во областа на институционалното зајакнување на локалната демократија и реформата на јавната администрација. Преку единствениот пристап до конкретна експертиза и знаење од шведските локални самоуправи, SALAR International може да постигне значајни резултати во областа на заштитата на животната средина и одржливото управување со отпадот преку холистички и партиципативен пристап.



# Проект за одржливо управување со отпадот на локално ниво



Проектот за одржливо управување со отпадот на локално ниво се спроведува во Северна Македонија од 2022 до 2027 година, на иницијатива на SALAR со финансирање од шведската влада преку Sida. Општата цел е да се подобрат услугите за управување со отпадот во Северна Македонија за целосно да се усогласат со стандардите на ЕУ, со што ќе се подобри еколошката одржливост и квалитетот на живот за сите жители.

На локално ниво, главниот фокус на проектот ќе биде да се работи со избрани пилот општини, локални комунални претпријатија и жители, на планирање и испорака на услуги на управување со отпад во согласност со насоките на ЕУ и новото национално законодавство и стратешкиот план за отпад. Главниот очекуван исход од оваа проектна компонента е да се подобрат *практиките за планирање за управување со отпадот и да се зајакне способноста на партнерските општини да испорачуваат инклузивно и одржливо управување со отпадот на локално ниво*.

Проектот тесно ќе соработува со шест пилот општини во Југозападниот и Пелагонискиот плански регион кои заедно формираат еден регион за управување со отпад во согласност со новиот регионален систем за управување со отпад во земјата. Ќе бидат избрани три пилот општини од секој регион, кои заедно треба да формираат репрезентативен примерок општини што ќе ги одразува урбаните и руралните средини и нивните соодветни потреби и капацитети. Останатите 12 општини кои нема да бидат избрани за пилотирање, исто така ќе имаат можност да имаат корист преку изработка на локални акциски планови (ЛАП), споделени најдобри практики и воведени модели за подобра меѓуопштинска соработка и координација.

Проектот применува советодавен и инклузивен пристап кој се темели на човекови права во поддршката на целните општини, за да го унапреди општинското работење на управување со отпадот и да помогне да се создаде чиста и безбедна средина за луѓето. Земајќи ги предвид човековите права и родовите прашања, ќе се поведе грижа услугите да допрат до различни категории луѓе и во руралните и во урбаните средини.

# Вовед во управување со отпад

Треба да се изгради одржлив систем за управување со отпад следејќи една холистичка перспектива која опфаќа долгорочно планирање, вклучување на сите засегнати страни, зголемување на јавната свест и земање предвид на целиот синџир на операции: селектирање, собирање, транспорт, третман, рециклирање и одложување. Последиците од отпадот со кој лошо се управува, влијаат и на здравјето и на животната средина преку загадената подземна вода и вода за пиење, загадувањето на почвата и воздухот и придонесува за глобалните климатски промени преку генерирање на метан. Неодржливото управување со отпадот е исто така плодна почва за носители на болести, низок квалитет на живот и губење на ресурси. Спроведувањето на оваа суштинска општинска услуга бара интегрирани системи кои се исплатливи, функционални и одржливи.

Општините во земјата сега се борат со предизвиците на големи количини отпад, придружните трошоци, технологиите и методологиите за одложување и влијанието на отпадот врз локалната средина. Регионалниот систем за управување со отпад (РСУО) што се развива треба да претставува значаен чекор кон подобрување на оваа состојба. Како дел од РСУО, општините ќе ја задржат севкупната одговорност при планирање и спроведување на управувањето со отпад и надзор над работата на јавните комунални претпријатија. Тие исто така ќе имаат значајна улога во промовирањето превенција, рециклирање и повторно употребување на отпадот.

За управување со регионалните депонии ќе се формираат меѓуопштински комунални претпријатија за управување со отпад од страна на меѓуопштинските одбори за управување со отпад.



# Прашања и одговори за проектот и изборот на општини

## 1 Кој е фокусот на проектот Проектот за одржливо управување со отпадот?

Проектот ќе работи со избраните пилот општини, локалните комунални претпријатија и жителите, при планирање и испорака на услуги за управување со отпад во согласност со насоките на ЕУ, како и со новото национално законодавство и стратешкиот план за отпад. Усвојувајќи холистички пристап, проектот ќе се фокусира првенствено на развивање на капацитетите на секторот за управување со отпад, промовирање на меѓуопштинската соработка, како и поддршка на целните општини во операционализацијата и имплементацијата на Регионалниот план за управување со отпад. Понатаму, проектот ќе ги поддржи целните општини да допрат до граѓаните и засегнатите страни за да ја зголемат свеста, да развијат комуникација и да усвојат промени во однесувањето во однос на одржливото управување со отпадот.

## 2 Каде се спроведува проектот?

Проектот за конкретно цел има два региони во земјата – Југозападниот и Пелагонискиот. Со оглед на целокупната перспектива на развојот на регионалниот систем за управување со отпад, овие региони се избрани да ја добијат потребната помош за консолидирање и подобрување на нивните практики за управување со отпад во согласност со барањата на системот.

## 3 Кој е опфатот на проектот и кои се неговите главни партнери?

Опфатот на проектот е и на национално, и на локално ниво. На национално ниво, проектот ќе работи во партнерство со Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП), Министерството за локална самоуправа (МЛС), Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија (ЗЕЛС) како и други национални и регионални актери, и ќе се стреми да ја подобри координацијата на повеќе нивоа и да ја промовира меѓуопштинската соработка, со што ќе ги промовира капацитетите за поддршка на локалните власти во спроведувањето на стандардите за отпад.

На локално ниво, проектот ќе работи со општинските администрации, локалните јавни комунални претпријатија и жителите во пилот општините, за да го подобри планирањето за управување со отпад и да ја зајакне способноста на општините да испорачуваат инклузивно и одржливо управување со отпадот на локално ниво, со што ќе помогне да се подобри одржливоста на потребните инвестиции во регионалните и локалните капацитети.

## 4 Каква корист ќе имаат општините од проектот?

Проектот е дизајниран врз основа на богатото искуство на SALAR international како и на потребите на општините утврдени во воведната фаза на проектот. Со користење на големата база на знаење и со поддршка од локални и меѓународни експерти, општините ќе имаат доверлив партнер во проектниот тим во поддршката за:

- Развивање на Локални акциски планови за управување со отпад (ЛАП) и спроведување на активности од Оперативниот регионален план за управување со отпад (ОРПУО)
- Развој на различни анализи, студии и други документи наменети за поддршка на практичното спроведување на активностите за управување со отпад
- Подобрена мобилизација на ресурси за иницијативи и проекти поврзани со отпадот
- Подобрени пристапност, меѓуопштинска координација, дијалог за политиките и подигање на свеста

Понатаму, ќе има можности за национални, регионални или меѓународни студиски посети и размена на идеи и искуства за одржливи пракси за управување со отпад.

## 5 Кое е времетраењето на поддршката за пилот општините?

Поддршката за пилот општините ќе опфати период од приближно 40 месеци од 2023 до 2026 година.

## 6 Кој може да се пријави?

Сите општини од Југозападниот и Пелагонискиот регион се добредојдени да се пријават. Ова упатува на тоа дека општината апликант е мотивирана да работи во насока на исполнување на општите и конкретните цели на ОРПУО и со тоа да ја изрази својата согласност да се посвети на проектните напори за испорака на одржливи резултати.

## 7 Кои се условите за да се стане пилот општина?

Од сите заинтересираните општини се бара да доставаат пополнет и уредно потпишан Формулар за пријавување, вклучувајќи и Изјава за согласност и да дадат задоволителни одговори на сите потребни прашања.

## 8 Како ќе се бираат општините?

Општините ќе бидат избрани за пилот општини во ефективен и транспарентен процес кој ќе се изработи од страна на проектот. Техничката проценка на пријавите ќе ја направи проектниот тим во консултација со проектните партнери и со нивна поддршка. При евалуацијата на пријавите ќе се земе предвид пошироката слика и застапеноста на различни општини.

## 9 Колку општини ќе добијат поддршка како пилот општини?

За пилоти ќе бидат избрани вкупно шест општини (по три општини од секој регион). Овие пилот општини ќе бидат приматели на техничката помош во управувањето со отпадот, која ќе се обезбеди од проектниот тим и неговите експерти. Останатите 12 општини кои нема да бидат избрани за пилотирање исто така ќе имаат можност да имаат корист преку споделени најдобри практики и воведување модели за подобра меѓуопштинска соработка и координација.

## 10 Кога и каде можат општините да поднесат пријави за учество?

Процесот на пријавување е отворен од 26 април, 2023 година до 18 мај, 2023 година. Последниот ден за прием на пријавите е 18 мај, 2023 година во 23:59 по локално време.
Сите пријави треба да се доставаат на следнава адреса:
**emil.angelov@salarinternational.se**

## 11 Кои се роковите за пријавување?

| | |
|---|---|
| **26** април | Покана за пријавување до сите општини во целните региони |
| **26** април – **12** мај | Отворен период за прашања од општините за поддршка на процесот на пријавување |
| **3** мај **во 10:00** | Онлајн Инфо сесија со општините (следете го следниот ЛИНК за онлајн состанокот) |
| **18** мај | Последен ден за поднесување пријави |
| **18-25** мај | Проценка од проектот и одобрување од партнерите |
| **30** мај | Информации до општините |
| **5** јуни | Потпишан договор со пилот-општините |

## 12 Каков вид помош ќе обезбеди проектот во текот на процесот на пријавување?

Во текот на периодот на пријавување, проектниот тим ќе биде лесно достапен да понуди поддршка на која било општина која се пријавува по сопствено барање. Планирана е инфо сесија за 3 мај каде ќе се објаснат процесот на пријавување и формуларот и ќе може да се постават конкретни прашања. Сите прашања треба да се испратат по е-пошта на emil.angelov@salarinternational.se

## 13 Кои се обврските на избраните општини?

Избраните општини ќе потпишат Меморандум за разбирање (МзР) со SALAR International, за заедничка имплементација на проектот. Улогите и одговорностите на секоја страна ќе бидат опишани во Меморандумот за разбирање што ќе го договорат страните пред почетокот на пилот активностите.

## 14 Кои се обврските до кои треба да се придржува една пилот општина?

Во текот на проектот, партнерската пилот општина се очекува да се обврзе на следново:

- Да формира мултидисциплинарна проектна група составена од претставници од релевантните сектори и единици во општината, вклучувајќи членови од Комисијата на Советот за заштита на животната средина и Комисијата за еднакви можности меѓу жените и мажите.
- Да биде присутна на сите состаноци и работилници организирани од проектот за поддршка на развивање локални акциски планови и активности за градење капацитети.
- Да го вгради проектот во политичките и административните практики на управување во општината.
- Да се заложи за спроведување на активности од ОРПУО за да се исполнат целите на планот.
- Да ги разгледа препораките на проектот и да ги вгради во соодветните планови и проекти.
- Континуирано да обезбедува релевантни информации за поддршка на успешна реализација на проектот.
- Да усвои и проактивно да се вклучи во механизмите и практиките за меѓуопштинска соработка.

## 15 Кои се обврските до кои треба да се придржува проектот?

Проектот се обврзува на следново:

- Обезбедување експертиза, совети и поддршка во релевантните активности поврзани со развојот и операционализацијата на локалните акциски планови и Регионалниот план за управување со отпад.
- Да создаде поголем фокус врз општината на национално и локално ниво (комуникација, стручњаци, министерства) и да обезбеди поддршка за подигање на свеста и информирање за промени во социјалното однесување во однос на практиките за управување со отпадот.
- Поддршка во градењето капацитети и свесност за практиките, системите за управување со отпад, како и подобрување на рециклирањето и сортирањето по извори.
- Да обезбеди можности за национални, регионални или меѓународни студиски посети и учење од колеги.
- Поддршка и заедничко застапување за мобилизирање средства за реализација на локалните акциски планови.
- Да промовира механизми и практики за меѓуопштинска координација со поддршка на ангажираните општини.
- Да дава совети и помош за вклучување на родовите аспекти во главните политики и пристапи засновани на човековите права при изработка на локалните политики и планирањето, како и во практиките за управување со отпадот.
- Поддршка во процесите поврзани со создавање и функционирање на регионално комунално претпријатие фокусирано на управување со отпад.

# Формулар за пријавување

**Пријавата што треба да се пополни се состои од следниве делови:**

- Обврска на општината, дел од Формалните критериуми (Дел 1);
- Профил на општината (Дел 2); и
- Административни капацитети на општината, дел од Критериумите за избор (Дел 3)

Пријавата треба да се пополни и поднесе на македонски јазик или на еден од официјалните јазици на општината апликант.

Процесот на пријавување е отворен од **26 април 2023 година до 18 мај 2023 година**.
Последен ден за прием на пријавите е **18 мај, 2023 година во 23:59 по локално време.**

Сите пријави треба да се поднесат на следнава адреса:
**emil.angelov@salarinternational.se**

Сите прашања во врска со постапката на пријавување треба да се поднесат преку е-пошта, најдоцна до 12 мај 2023 година.

